РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1824/1
27-04-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2022 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5520/1 од 02.06.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-5520/1 од 02.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Предметот со број 08-5520/1 од 02.06.2022 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2022 година за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист за имотна состојба на ______________________, јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ и членовите на неговото семејство.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ______________________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на

Република Северна Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од анкетниот лист за имотна состојба на ______________________, ДКСК констатира дека податоците во поднесениот анкетен лист лист се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р А.А.Т, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk